Ип1. 15-129
Дата: 17.05.2024 година
Скопје,

Државниот Инспекторат за животна средина преку инспекторот Хусни Тачи, со службена легитимација број 06-0020, изврши вонреден инспекциски надзор во ДПТТУ ГИГАНТ ДВА БРАЌА ДООЕЛ, со адреса ул. 1 бр. 99, Бразда, Чучер-Сандево, застапувано од Стефан Димовски – управител и со Записник бр. ИП1 15-129 од 13.05.2024 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 од Закон за животна средина, (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005....99/2018) и (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 99/2022), член 33 став 1 и 2 од Закон за инспекциски надзор во животната средина, ( Сл.весник на Р.С.М. бр. 99/2022) и член 83 од Законот за инспекциски надзор ( Сл весник на РСМ бр 50/11...102/2019) донесе:

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Бихаќка бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Моб.тел. +389 70 286 698
Е-пошта info@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Bihaqka, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel. Mob. +389 70 286 698
Posta-E info@ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** ДПТТУ “ГИГАНТ ДВА БРАЌА“ ДООЕЛ, со адреса ул. 1 бр. 99, Бразда, Чучер-Сандево, застапувано од Стефан Димовски – управител **по приемот на оваа решение да ги отстрани недостатоците утврдени со записникот бр. 15-129 од 13.05.2024 година и тоа**:

1. Да поднесе известување за намерата за спроведување на проектот, како и негово мислење за потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина, согласно член 80 став 1) и 2) од Законот за животна средина до надлежниот орган за работите од областа на животната средина во писмена и во електронска форма;
   Рок:30 (триесет)дена

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1 на оваа решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциска мерка ,а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот Инспекторат за животна средина на ден 13.05.2024 година изврши Вонреден инспекциски надзор во ДПТТУ ГИГАНТ ДВА БРАЌА ДООЕЛ, место викано Бразда, Чучер-Сандево во сепарацијата за песок чакал и камења, при што се изготви Записник за констатација со бр. Ип1 15-129. Од увидот се констатираше дека: ДПТТУ ГИГАНТ ДВА БРАЌА ДООЕЛ Бразда, Чучер-Сандево во близина на регионалниот пат Скопје –

Чучер Сандево од неговата лева страна има поставено мобилна сепарација за сепарирање на песокот, чакалот и камењата од земјата која се ископува во разни локаци во регионот на Скопје, каде се градат разни градежни објекти и станбени згради. При надзорот се констатираше дека, правното лице нема поднесено Известување за намера за изведување на проект сеење сепарирање дробење на песок и чакал, согласно член 80 став 1) и 2) од Законот за животната средина.

Доколку во определениот рок не постапи по оваа решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка , согласно член 200 став 4 од Законот за животна средина (Сл.весник на Р.М. бр:53/2005,........ 99/18) и (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 99/2022).

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:

Против ова решение согласно член 84 од Законот за инспекциски надзор може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка во рок од 15 дена од приемот на решението.
Жалбата се таксира со 250,00(двестаипедесет)денари административни таксени марки.
Решено во Државен инспекторат за животна средина -канцеларија во Скопје под бр. ИП1 15-129 на ден 17.05.2024 година.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Хусни Тачи, Главен инспектор

Доставено до:
-Архива,
- ДПТТУ ГИГАНТ ДВА БРАЌА ДООЕЛ
Ул. 1, бр. 99 с. Бразда, Чучер-Сандево

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Бихаќка бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Моб.тел. +389 70 286 698
Е-пошта info@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Bihaqka, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel. Mob. +389 70 286 698
Posta-E info@ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk